Бр: 03-135/2 ; 03-144/2 ; 03-147/2 ; 03-148/2 ; 03-150/2 ; 03-151/2 ; 03-156/2 ; 03-154/2 ; 03-155/2 ; 03-157/2

Скопје: 23.08.2022

Врз основа на член 28 став (5) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 23.08.2022 година го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа доставениот допис од страна на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот бр. 03-1246/2 од 28.06.2022 година (Наш бр. 03-135/1 од 29.06.2022 година) во кој Агенцијата информира за ставот на Секретаријатот за законодавство дека за информациите за склучување на договори за доделување на финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите треба да се има предвид и мислењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во врска со горенаведеното Комисијата за заштита на конкуренцијата ве информира за следново:

- Во текот на првична подготовка на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, Комисијата за заштита на конкуренцијата активно учествуваше и даваше свој придонес во усогласување на текстот на различните нацрт верзии на Предлог –Законот со законодавството за државна помош. Во таа насока Комисијата за заштита на конкуренцијата го има донесено Мислењето бр. 03-194/2 од 07.12.2017 година (доставено до Кабинет на Заменик претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и координација со економски ресори, д-р Кочо Анѓушев), како и Мислењата бр. 03-72/2 од 08.03.2018 година и 03-72/3 од 13.03.2018 година доставени до Министерството за економија.

- Комисијата за заштита на конкуренцијата има донесено Решение бр. 10-45 од 14.06.2018 година во врска со Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија„ бр. 83/18) во кое е наведено дека мерките содржани во Законот за финансиска поддршка на инвестиции претставуваат државна помош согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, и дека Законот за финансиска поддршка на инвестиции претставува шема на помош согласно член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош и доделувањето на помошта е дозволено само ако истата се доделува во согласност со законодавството за државна помош.

- Комисијата за заштита на конкуренцијата има донесено Мислење бр. 03-92/2 од 26.03.2019 година доставено до Министерството за економија во врска со првите измени и дополнувања на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија„ бр. 98/19). Исто така од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата е донесено Мислење бр. 03-132/2 од 30.05.2019 година и за вторите измени и дополнувања на Законот за финансиска поддршка на инвестициите („Службен весник на Република Македонија„ бр. 124/19), како и за третите измени и дополнувања на Законот за финансиска поддршка на инвестициите („Службен весник на Република Македонија„ бр. 178/21) – Мислење бр. 03-108/3 од 09.06.2021 година, како и претходно допис до Министерство за економија бр. 10-64 од 28.05.2021 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата со донесеното Решение бр. 10-45 од 14.06.2018 година за Законот за финансиска поддршка на инвестиции се има произнесено дека овој Закон претставува **шема на помош**. Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10) во член 4 став (1) точка 1) предвидува: „шема на помош е секој правен акт врз основа на кој**, без обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата,** може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата или секој правен акт врз основа на кој помош која не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неопределен временски период и/или во неопределен износ„. Согласно цитираниот член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош Комисијата за заштита на конкуренцијата нема обврска да се произнесе поединечно за секоја инвестиција која се доделува врз основа на правен акт/закон за кој се има произнесено дека претставува шема на помош.

Понатаму, согласно законодавството за државна помош Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оценување на одредена мерка која претставува државна помош а не и за имплементирање на мерките за кои веќе се има произнесено дека претставуваат државна помош. Такво својство односно обврска им е дадено на давателите на државната помош т.е. тие се обврзани за имплементирање на мерките одобрени како државна помош од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во таа насока истото важи и за Законот за финансиска поддршка на инвестициите („Службен весник на Република Македонија„ бр. 83/18, 98/19, 124/19 и 178/21) т.е. давателите на државната помош треба за секој поединечен инвеститор да постапуваат согласно законодавството за државна помош односно во овој случај согласно и со Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 10-45 од 14.06.2018 година. Барањето на Секретаријатот за законодавство за да Комисијата за заштита на конкуренција се произнесе за секоја поединечна инвестиција доделена според Законот за финансиска поддршка на инвестиции (кој закон Комисијата го има прогласено како шема на помош со донесеното Решение бр. 10-45 од 14.06.2018 година), би значело Комисијата за заштита на конкуренцијата да добие својство и на дел од Комисијата за евалуација на барањата за финансиска поддршка на инвестиции, што како својство не е предвидено во Законот за финансиска поддршка на инвестициите.

Законодавството за државна помош предвидува Комисијата за заштита на конкуренцијата да врши надзор на доделената државна помош. Според член 24 од Законот за контрола на државната

помош давателите на државната помош се обврзани да доставуват Годишен извештај до Комисијата за заштита на конкуренцијата, при што таквиот Годишен извештај содржи податоци за обликот на доделената државна помош, условите под кои е доделена државната помош во секој поединечен случај, актот врз основа на кој е доделена државната помош, износот на доделената државна помош по корисник и периодот на кој се однесува годишниот извештај. Секој давател и корисник на државна помош е должен да води прецизна евиденција за доделената, односно примена државна помош, како и за доделената, односно примена помош од мало значење (de minimis).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. д-р Владимир Наумовски**